# Агиоритското просветителство на преподобен Кирил Пејчиновиќ



Милан Ѓорѓевиќ

[втор дел]



1. Основна карактеристика на богословието на преподобен Кирил Пејчиновиќ е бескомпромисната Христоцентричност - во неа сè е осмислено од Богочовекот. Неговата етика, толку истакнувана како единствена значајна тема, е до својата срж втемелена на Каменот, Кој нејзините не малобројни проучувачи, толкувачи и критичари едноставно Го отфрлија и ја оставија да „лебди во воздух". Во овој контекст, од пресудно значење е светоотечкото разбирање на етиката, кое на отец Кирил му било многу добро познато. Тоа ја поставува етиката секогаш во контекст на аскетиката, подвижништвото. Последното, како изразито динамично дејствие, секогаш подразбира искачување кон Прволикот, Образот (оттука доаѓа и етимолошкото и семантичкото значење на терминот образование), т.е. вподобување на Христа. Без овој аскетски елемент, кој е силно нагласен кај отец Кирил, етиката останува сосема обесмислена и обезличена, бидејќи безумно се ампутира, ни помалку ни повеќе, самата нејзина глава - Личноста на Богочовекот.

Ваквата атеистички разбрана етика, во себе го асимилира и просветителството, кое останува осмислено од неа самата - етиката со загубена смисла. Самиот игумен Кирил, пак, на просветителството гледа од сосема поинаква перспектива. Ако секуларистичката беше дводимензионална, површинска, тогаш Кириловата перспектива е изразито тридимензионална, а по својата насоченост - обратна, на што укажува и насловот на неговото најзначајно литературно дело „Огледало". Таа е секогаш свртена од внатрешноста кон надворешноста, од суштината кон формата, од Христа кон светот. На тој начин, и најмалото делче од овој свет ја наоѓа својата смисла во Богочовекот и во пројавувањето на Царството во него.

Кириловото просветителство секогаш подразбира средба - средба со Самата Светлина на светот, разбрана во сета Своја ипостасна полнота како Слово Божјо. Тој природно ја подразбира едноипостасноста на Светлината и Словото. Единствено преку таа едноипостасност може да се проникне во смислата на науката и просветителството и нивната онтолошка поврзаност. Затоа, наведувајќи ги богомудрите зборови на светиот евангелист Јован Богослов: „Елици пријаша Его, даде им власт чадом Божиим бити, елици од Бога родишасја, а не от плоти и крви и похоти" (Јован 1,12-13), последните зборови ги објаснува: „сиреч (односно) научених од духовних, а не од плотских... (и заклучува) - и зато треба да послушамо слово Божие".* Тајната на раѓањето за вечен живот, т.е. Боговосиновувањето, за него е реализирана во познанието на Словото Божјо - во теологијата, односно богословењето - словењето за Бога.

2. Но ниту просветителството, ниту теологијата, според отец Кирил Пејчиновиќ, не завршуваат тука. Теологијата за него секогаш претставува словење за вкусениот Бог - не постои богословење надвор од богопознанието, и тоа богопознание реализирано во сета своја плирома - во вкусувањето и причестувањето со Телото и Крвта на воплотениот Логос Божји. Просветителството нема никаква смисла ниту сила додека облагодатениот богочовек не извика: „видовме вистинска светлина...".

Отец Кирил е богослов произлезен од Литургијата, од Царството, тој сведочи за него, како оној кој го вкусил, постојано го вкусува и живее за него и само за него. Тој е типичен претставник на изворното македонско теолошко предание, карактеристично по отсуството на схоластика, живото богомислие создавано во аскетската практика и литургиско-поетскиот модел на теологизирање. Во центарот на неговото Богословие секогаш е Евхаристијата. Сите теми кои ги обработува приведуваат кон неа и претставуваат само средства за да се стигне до крајната цел - реалното заедничарење со Богочовекот. Неговата борба со суеверието, неговата етика и севкупната негова проповед не претставуваат цел сами за себе - целта и смислата е во Евхаристијата, во средбата со живиот Бог.

Неговото изложување на Светата евхаристија има карактер на расправа - против крвната жртва (курбанот), непричестувањето, недостојното причестување и суеверието. Но тој не се задржува премногу на критиката - тој ја користи само за да стигне до целта, автентичното православно предание. На тој начин неговата критика има секундарно значење - се користи со неа за да го потенцира контрастот помеѓу правоверието и суеверието, помеѓу светлината и темнината.

На мајсторски начин се користи со говорниот јазик, вклучувајќи ги тука и турцизмите, па користи дури и чисто исламски религиски термини (ишала, курбан и т.н.), кои ги става во контекст на православното богословие и во потполност го асимилира нивното првобитно значење. Применувајќи го овој метод тој наликува на големите Отци еклектичари од IV век, кои божествените вистини ги искажувале во голема мерка користејќи се со јазикот на многубожечката античка философија, но претходно семантички испитувајќи го и прочистувајќи го низ филтерот на автентичното црковно предание.

3. „Светата тајна на принесувањето" (А. Шмеман) е основната тема во контекст на расправата за крвната жртва. „Во наша вера најголем курбан леб и вино и литургија". Но за да стигне до ваквото преобразено значење на терминот курбан, отец Кирил ги исклучува сите негови хетеродоксни семантички елементи. Тоа го прави постепено. Затоа на почетокот на расправата прецизно ги разграничува поимите: „Курбан остана од Авраама, а просфор и вино остана од Мелхиседека". Потенцирајќи ја одвратноста на крвната жртва во споредба со бескрвната - „не праат курбан со вино, токо со крв и со месо како пци на касапница" - тој го прочистува значењето на терминот и започнува да го користи во чисто литургиски контекст, со значење на жртва.



Отец Кирил го гледа принесувањето во контекст на самиот чин на Евхаристијата, но и во контекст на литургијата по Литургијата, како подготовка за достојно учествување во чинот. „Курбан пријатен Богу дух строшен и сердце строшено и смирено да отнесеш пред Бога, тоа љубит Бог а ништо друго, никакви курбани, никакви закони. Во наша вера најголем курбан леб и вино и литургија. Ама и литургијата со пизма (непријателство), со фодулско (гордо) срдце, без дух строшен без строшно срдце и без смирение, не ја примат Христос Бог. Затоа велит поп и во литургиа викат: ,вонмем свјатое возношение во мирје приносити'".

Тој знае дека лебот и виното се икона на светот кој човекот како свештеник Му го принесува на Отецот и знае дека без вистинско, потполно себепринесување човекот лицемерно и лажно стои пред Бога. Смирението, духот строшен, е првиот чекор кон богоопштењето, кон исполнувањето на првобитното човечко свештеничко назначение. Гордоста, „фодулското срце", е почеток на гревот - основна причина за секое богоотпаѓање. Почетокот, пак, на подвигот се состои токму во добродетелта на смирението - единствено во смирението е можно вистинско самоиспитување: „да истражиме себе, какви сме, дали сме достојни за причесна или не сме", дали сме во мир со Бога и со ближните или не сме.

4. Следниот чекор е помирувањето „со Бога... и со брата своего", како најважен услов за учество во Светата евхаристија. Самото тоа помирување, реализирано во покајанието и исповедта пред духовникот, подразбира принесување во љубов, при што ќе бидеме подготвени „самите себе и сиот живот на Христа Бога да го предадеме". „Да се исповедамо на духовника... и на велиј ден можеш достојно да се причестиш, достојно да празнуеш, достојно да се веселиш, достојно и духовно да се радуеш".

Ова принесување подразбира континуиран процес на постојан подвиг во верата. Тоа бара покајание во кое љубота кон Бога ја надвисува и сотира секоја помисла за повторно богоотпаѓање. Божјата љубов е неизмерна. Затоа ниту една апостасија не може да биде посилна од неа и од можноста за повторно враќање во заедницата со Него - „Илјада кабаети да имал чоек, најпосле ако се покаил, шубе учинил, за греот плакал, со све срдце пришол при Бога, духовник што му заповедал держал... спасение наоѓат" - но тоа враќање нема никаква важност без понатамошниот подвиг, кој ја изградува и продлабочува љубовната врска помеѓу покајаниот блуден син и Отецот, помеѓу невестата и Женихот.

Затоа непрестајната молитва претставува императив во изградувањето на овој љубовен однос. Отец Кирил нè повикува да бидеме „дајма (постојано) на богомолство". На тој начин непрестајно ќе ја обновуваме љубовта кон Бога и, испитувајќи се себеси, ќе се зачуваме од замките на лукавиот - „Чоек кога дајма спомиња Бога и молит Му се често, тој имат оружие на дјавола". Едно од моќните оружја во овој подвиг е и помислата на смртта: „Господ не ни каза смертта, салт ни рече да сме готови".

Причестувањето на апостолите,
фреска во црквата на Пресвета Богородица Перивлепта,
Охрид, 13 век



Импресивна е до совршенство сведената едноставност и простодушност со која оваа света душа го доживувала химнографското предание на Црквата. Објаснувајќи ги стиховите на свети Јован Дамаскин: „От лица Твоего, грешни, камо бежим? Аште взидем на небо, Ти тамо Сам живеши, во аде же попрал еси смерт, во глубини морски и тамо рука Твоја, Владико, но к Тебе прибегаем, тебе припадајуште молимсја: воскресиј из мертвих, помилуј нас", отец Кирил вели: „Видите христијани и браќа мои, како свјатиј Јоанн Дамаскин не имал каде да се криет од Бога, при Него сам прибегнал и припаднал, и Господ го помилуал, и се посветил, и ден му е декемвриа 9."

5. Ваквото принесување (помирувањето) е насочено и кон ближниот, како икона Христова, при што се исполнуваат двете најголеми заповеди за љубовта - кон Бога и кон ближните. „Тие што нас пизмат (мразат) да им простиме... ако се опростимо, да пеемо, ако не се опростимо, ни да пеемо, ни да се радуамо... токо да бегамо без трага у дно земња, и тамо не утечемо от рука Божија".

Принесувањето на светот на Бога се реализира преку личносниот однос со ближните. „Првото и челното да го дадеш на некој просјак, или во Црква отнеси и раздади по луди, или по питачи или по сиромаси или у некој манастир, хер кадегодер да дадеш, ама најхубавото ем најчелното за име Божио прво да дадеш". Но, за отец Кирил најзначаен е фактот што секоја добродетел, секоја милостиња, секое благочестие има нагласена литургиска перспектива - „Твои од Твоите, Тебе Ти ги принесуваме". На тој начин секој вид принесување е онтолошки сраснато со Литургијата, со што се потврдува како изразито евхаристичен акт.

Секој подвиг, секое маченишто надвор од Литургијата, т.е. од најприсното заедништво со Богочовекот како своја конечна цел и смисла, ја губи секоја смисла. „А зашто се мучимо на овој век, зашто постимо, зашто се крштеамо, зашто се закопуемо, зашто за душа даваmo... зашто, када нè јахат и газат, трпимо, зашто!? Не ли за Христа?" Вистинската „μαρτυρία", вистинското маченишто е осмислено од Христа и претставува сведочење за Него - Онаков Каков сме Го спознале, сме Го вкусиле, со Кого сме се соединиле и исполниле.

6. Отец Кирил Пејчиновиќ е исклучително јасен и категоричен во однос на прашањето за достојното и недостојното причестување: „Тежко и горко томуа чоеку, што зема причесна какогодер, не се исповедал, не се простил со гаразлие (непријателите), не се покаил от тоа што чинил и мислит пак да чинит". За него ова е единственото правилно толкување на текстот од единаесеттата глава од Првото послание на светиот апостол Павле до Коринтјаните, во кој е изнесено библиското учење по ова прашање.

Степенот на подготвеноста за достојно пристапување кон Светиот путир е определен од човековиот однос кон Богочовекот. Од него произлегува секој друг личносен однос и секој понатамошен чекор во подготовката за причестување. Во тој контекст, отец Кирил го дава најјасниот и најпрецизниот опис на трагичната душевна состојба на личноста која недостојно пристапува кон Светата чаша: „а кој јаде и пие недостојно, суд се дејат... зашто не есапит Тело Христово".

Евхаристијата е искачување во Царстовото Божјо - крајната дестинација на патешествието на Црквата во светот - и негово предвкусување уште во историското време. Неудостоениот за причест не го вкусува Царството ниту во овој живот, во Светата литургија, ниту, пак, во вечноста - во тоа и се состои неговата осуда. Затоа, изедначувајќи ги неподготвените со безбожниците, отец Кирил предупредува дека Бог „во царство Његово, во хубавиња Његова, не ги пуштат зашто не сат достојни".

До крај верен на автентичното библиско предание, со префинета терминолошка прецизност карактеристична за најбогоозарените теолози на Црквата, отец Кирил радикално ги разграничува поимите лаос, народ Божји, „царское свјаштение"* од една страна, и „мирјани" од друга страна. За Црквата секогаш важи принципот: таа е во овој свет, но не е и од овој свет. Таа есенцијална дистинкција не важи за мирјанинот, бидејќи „мир ќе речет - век овај", што значи дека тој е човек од овој свет - „ἄνθρωπος κοσμικός". За таквиот, огорчено заклучува Кирил, нема место во Царството Божјо: „И тија што живат во век овиј, како скоти, тија сат от рај испудени како пци от куќа".

7. Евхаристијата е јадро на животот на Црквата - надвор од неа, надвор од заедницата со Богочовекот, не постои и не може да постои никаков живот, туку бавно, но сигурно умирање. Поради тоа, непричестувањето е подеднакво фатално за човекот како и недостојното причестување. Сепак, Бог ги допушта и двете, бидејќи најголемиот дар, кој човекот го добил од Бога и во кој се содржи неговата боголикост, е дарот на слободата - „човек ест самовластен, ако сакат пуштат Господа во себе, ако ли не хоќет - не пуштат".

Човекот, лишувајќи се од заедничарењето во Телото и Крвта Христови, се лишува од даруваната можност самиот да стане бог по благодат, да се обожи, да стане она што отсекогаш сакал да биде, бидејќи за тоа и бил создаден. Безумната желба за обожување без Бога, како патолошка состојба на колективниот ум на паднатото човештво, е во основата на секоја апостасија, на секое суеверие, на секое сатанопоклонение и на секоја човечка пропаст. Затоа отец Кирил инсистира на причестувањето со Господа, како единствен излез од безизлезот во кој возгордеаното Адамово потомство се нашло и како единствена можност за соучествување во искупителното дело на новиот Адам. Тој останува трогнат над човечкото безумие, воедно и восхитен од неискажливата убавина на богозаедничарењето: „Ама зошто неќет? Или от незнаење колку силу имат свјатое причаштение и какво оружие ест на дјавола и какво во оставление грехов бивает и какво соединение с Богом и какво освјаштение, чак и обожение... или от дјавола прелштен да неќет харно токо лошото!"

8. Токму во „освјаштението", се содржи суштината на Кириловото просветителството. Светоста, како состојба на богопознание и богоопштење, т.е. како совршена состојба на човековото битисување, е воедно и негов извор и смисла. Просветителството на тој начин претставува *сведоштво* на светот *за Светлината* - *μαρτυρίαν περὶ τοῦ φοτός* (Јован 1,7) - за боговидението, за учеството во евхаристиското созерцание на тивката Светлина на светата слава на Отецот. Тоа во себе ги вклучува сите сегменти на земниот живот, но поставени во таков ред (τάξις) што во нивниот центар секогаш се наоѓа Светиот путир. На тој начин, на Кириловото просветителство нема нешто што му недостасува - ги содржи писменоста, науката, моралот, борбата против суеверието - но сето тоа осмислено од Словото. Тоа го содржи, на крајот на краиштата, и *здравиот* разум, поточно - оздравениот, охристовениот разум, разумот на облагодатениот богочовек.



* Цитатите на отец Кирил Пејчиновиќ во овој текст се од неговата книга „Огледало", а преземени од изданието: „Кирил Пејчиновиќ, *Собрани текстови*, Македонска книга, Скопје 1974". Тука отец Кирил останува до крај верен на библискиот контекст во кој се користат двете Божествени имиња за втората Ипостас на Света Троица - Слово и Светлина. На тој начин, зборувајќи за Светлината, тој истовремено зборува и за Словото и за Христа, потенцирајќи ја нивната истоветност.

* Впечатливо е користењето библискиот термин „царско свештенство", сосема заборавен од схоластицизираното и клерикалистички конципираното православно богословие на XIX век, но неизбришан од соборното сеќавање на живата литургиска Црква. Овој поим има клучно значење за правилното разбирање на односот помеѓу свештенството и лаосот, но и на севкупната христијанска антропологија и сотириологија.